Службен гласник
на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 12
5 декември 2018 година

Година LV

С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | Страна |
|---|---|---|
| 597. | Решение за објавување на Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад „ДЕПОНИЈА ИСТОК“-Штип | 903 |
| 598. | Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад „ДЕПОНИЈА ИСТОК“-Штип | 903 |
| 599. | Решение за објавување на Одлука за давање на користење урбана опрема | 905 |
| 600. | Одлука за давање на користење урбана опрема | 905 |
| 601. | Решение за објавување на Одлука за давање под закуп недвижна ствар деловен простор во СОУ „Јане | 906 |

| | | |
|---|---|---|
| | Сандански“-Штип | |
| 602. | Одлука за давање под закуп недвижна ствар деловен простор во СОУ „Јане Сандански“-Штип | 907 |
| 603. | Решение за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип | 908 |
| 604. | Одлука за дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип | 909 |
| 605. | Решение за објавување на Одлука за давање дозвола за употреба на името „Распеани Штипјани“ | 909 |
| 606. | Одлука за давање дозвола за употреба на името „Распеани Штипјани“ | 910 |
| 607. | Решение за објавување на Одлука  за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2018 година | 911 |
| 608. | Одлука  за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2018 година | 911 |
| 609. | Решение за објавување на Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2018 година | 912 |
| 610. | Програма за изменување на Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2018 година | 913 |
| 611. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од областа на спортот | 914 |
| 612. | Одлука за одобрување финансиски средства од областа на спортот | 914 |
| 613. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ФК „Брегалница 2008“-Штип | 915 |
| 614. | Одлука за одобрување финансиски средства на ФК „Брегалница 2008“-Штип | 916 |
| 615. | Решение за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2019 година | 916 |
| 616. | Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2019 година | 917 |
| 617. | Решение за објавување на Програма за култура на Општина Штип за 2019 година | 933 |
| 618. | Програма за култура на Општина Штип за 2019 година | 933 |
| 619. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Штипско културно лето за 2018 година | 938 |
| 620. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Штипско културно лето за 2018 година | 938 |

| | | |
|---|---|---|
| 621. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај по Програма за одбележување на Денот на ослободувањето на Штип-8ми Ноември 2018 година | 939 |
| 622. | Заклучок за усвојување на Извештај по Програма за одбележување на Денот на ослободувањето на Штип-8ми Ноември 2018 година | 940 |
| 623. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јули-септември 2018 година | 940 |
| 624. | Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јули-септември 2018 година | 941 |
| 625. | Решение за објавување на Одлука за донесување на План на програми за развој на Општина Штип за период од 2019-2021 година | 941 |
| 626. | Одлука за донесување на План на програми за развој на Општина Штип за период од 2019-2021 година | 942 |
| 627. | Предлог-План на програми за развој на Општина Штип за период од 2019-2021 година | 943 |
| 628. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година | 958 |
| 629. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година | 958 |
| 630. | Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година | 959 |
| 631. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за периодот 01.01.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за уредување на градежно земјиште | 979 |
| 632. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за периодот 01.01.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за уредување на градежно земјиште | 979 |
| 633. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за периодот 01.01.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за | 980 |

| | | |
|---|---|---|
| | одржување на локални патишта и улици | |
| 634. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за периодот 01.01.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици | 981 |
| 635. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување наКвартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за периодот 01.01.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип | 981 |
| 636. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за периодот 01.01.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип | 982 |
| 637. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“ | 983 |
| 638. | Одлука за давање согласност на Ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“ | 983 |
| 639. | Ценовник на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“ | 984 |
| 640. | Одлука за утврдување на Ценовникот на услуги на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“Штип | 989 |
| 641. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година | 990 |
| 642. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година | 990 |
| 643. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај на ЈП „Исар“-Штип за одржувањето на јавната чистота за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година | 991 |
| 644. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај на ЈП „Исар“-Штип за одржувањето на јавната чистота за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година | 992 |
| 645. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка | 992 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Астибо“-Штип | |
| 646. | Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип | 993 |
| 647. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип | 994 |
| 648. | Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип | 994 |
| 649. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип | 995 |
| 650. | Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Општинска установа за култура „Дом на млади“-Штип | 996 |
| 651. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Физибилити студија за изводливост за модернизација на системот за јавно осветлување во Општина Штип | 997 |
| 652. | Заклучок за усвојување на Физибилити студија за изводливост за модернизација на системот за јавно осветлување во Општина Штип | 998 |
| 653. | Решение за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација и одржување на системот за јавно осветлување на подрачјето на Општина Штип | 998 |
| 654. | Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација и одржување на системот за јавно осветлување на подрачјето на Општина Штип | 999 |
| 655. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информацијата по барањето од СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за дополнување на хоризонталната и вертикалната сигнализација на улицата „Гоце Делчев“-Штип | 1001 |
| 656. | Заклучок за усвојување на Информацијата по барањето од СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за дополнување на хоризонталната и вертикалната сигнализација на улицата „Гоце Делчев“-Штип | 1002 |
| 657. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Известувањето за проблемите со бесплатниот превоз на учениците од општините Пробиштип, Свети Николе, | 1003 |

| | | |
|---|---|---|
| | Чешиново-Облешево и Карбинци | |
| 658. | Заклучок за усвојување на Известувањето за проблемите со бесплатниот превоз на учениците од општините Пробиштип, Свети Николе, Чешиново-Облешево и Карбинци | 1003 |
| 659. | Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип | 1004 |

597.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА
И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛИКВИДАЦИЈА, ПРОМЕНА НА
НАЗИВ НА ФИРМА, ПРОМЕНА НА СКРАТЕН НАЗИВ НА ФИРМА
И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЛИКВИДАТОР НА МЕЃУОПШТИНСКО
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД
„ДЕПОНИЈА ИСТОК“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад „ДЕПОНИЈА ИСТОК“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6860/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

598.

Врз основа на членовите 51, 538 и 539 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ“ број 28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09; 23/2009, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 06/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛИКВИДАЦИЈА,
ПРОМЕНА НА НАЗИВ НА ФИРМА, ПРОМЕНА НА СКРАТЕН НАЗИВ НА ФИРМА
И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ЛИКВИДАТОР НА МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ДЕПОНИЈА ИСТОК-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука престанува со работа и се спроведува постапка за ликвидација на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК-Штип, ул. „Ванчо Прке“ број 119, Штип.

Член 2

Основниот влог во износ од 305.900,00 денари, се враќа на основачите, односно на:

- Општина Чешиново-Облешево, во износ од 12.600,00 денари
- Општина Македонска Каменица, во износ од 14.000,00 денари
- Општина Берово, во износ од 23.500,00 денари
- Општина Пехчево, во износ од 9.300,00 денари
- Општина Кочани, во износ од 64.000,00 денари
- Општина Виница, во износ од 33.500,00 денари
- Општина Штип, во износ од 80.400,00 денари
- Општина Зрновци, во износ од 5.000,00 денари
- Општина Делчево, во износ од 29.500,00 денари
- Општина Пробиштип, во износ од 27.300,00 денари
- Општина Карбинци, во износ од 6.800,00 денари.

Член 3

Се менува називот на фирмата на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК-Штип и гласи: Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК-Штип – во ликвидација.

Се менува и скратениот назив на фирмата МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК-Штип и гласи: МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК-Штип – во ликвидација.

Член 4

Дарко Митевски – д-р по менаџмент во образованието, со адреса на живеење на ул. „14 Јуни“ број 3 – Македонска Каменица, се разрешува од функцијата овластено лице за застапување до конституирање на МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип и се именува за ликвидатор на МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК-Штип – во ликвидација.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-6860/1 | Совет на Општина Штип |
| 29 ноември 2018 година | Претседател |
| Ш т и п | Јане Миланов, с. р. |

599.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ
НА КОРИСТЕЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

I

Се објавува Одлуката за давање на користење урбана опрема.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6861/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

600.

Врз основа на 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

Член 1

Се дава на користење урбана опрема (киоск) сопственост на Општина Штип на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип.

Член 2

Урбаната опрема од член 1 на оваа Одлука со број УО 1 Штип, е поставена на дел од КП 7551/1 на улица „Маршал Тито“ во Штип (наспроти Хотел Оаза) и истата може да се користи со намена киоск за продажба на весници, сувенири, билети или како туристичко биро за промоција на град Штип.

Член 3

Урбаната опрема од член 1 на оваа Одлука, се дава на користење за период од 4 (четири) години, без надоместок.

Корисникот на урбаната опрема од член 1 на оваа Одлука има обврска урбаната опрема да ја користи како добар домаќин, да се грижи за хигиената, функционалноста и исправноста на урбаната опрема и самостојно да ги подмирува месечните обврски за потрошена електрична енергија, вода и ѓубре.

Корисникот на урбаната опрема од член 1 на оваа Одлука, не смее истата да ја дава во подзакуп без согласност на Советот на Општина Штип.

Член 4

Доколку корисникот на урбаната опрема не се придржува на условите за користење на урбаната опрема согласно оваа одлука, истата ќе му биде одземена пред истекот на периодот за кој е дадена.

Урбаната опрема не може да премине во сопственост на корисникот без за тоа да одлучи Советот на Општината Штип.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6861/1 — Општина Штип
29 ноември 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

601.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА СТВАР ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање под закуп недвижна ствар деловен простор во СОУ „Јане Сандански“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6862/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

602.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА СТВАР
## ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се дава под закуп недвижна ствар – деловен простор сопственост на Општина Штип кој се наоѓа на улица „Трајко Кошевски“ број 2А, КП број 10266 евидентиран во ИЛ број 22241 за КО-Штип 4.

Недвижниот имот од став 1 на оваа Одлука претставува дел од зградата на СОУ „Јане Сандански“ со површина од 62м$^2$.

Член 2

Давањето под закуп на деловниот простор од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Почетната цена за јавното наддавање изнесува 7.877,00 денари/месечно.

Деловниот простор од член 1 од оваа Одлука се издава под закуп за период од 5 (пет) години.

Деловниот простор се издава со опремата во него.

Член 3

Закупецот на деловниот простор од член 1 од оваа Одлука се обврзува закупнината за првата година да ја плати однапред пред потпишување на договорот, а за останатите години закупнината ќе ја плаќа најдоцна до 31 јануари за тековната година по претходно доставена ф-ра.

Закупнината од деловниот простор е приход на СОУ „Јане Сандански“-Штип.

Член 4

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за закуп на деловниот простор ќе бидат утврдени од страна на комисијата формирана од градоначалникот и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 5

Доколку постапката за закуп во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

За спроведената постапка за закуп на деловниот простор, комисијата ќе достави извештај до Советот на Општина Штип.

Член 6

По извршениот избор на најповолен понудувач, градоначалникот на Општина Штип ќе склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за закуп на деловниот простор.

Договорот за закуп подлежи на солемнизација пред нотар избран од закупецот на негова сметка.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-6862/1 | Совет на Општина Штип |
| 29 ноември 2018 година | Претседател |
| Ш т и п | Јане Миланов, с. р. |

603.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР
ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6863/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Штип Благој Бочварски, с. р.

604.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА
КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

Член 1

Во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/18), во табелата во член 4 се додава нова точка 24 која гласи:

| Ред. број | Потег | Вид на паркирање | Број на паркинг места |
|---|---|---|---|
| 24 | Паркинг на платформата пред Трговски центар (помеѓу мост кај судска зграда и мост кај Стопанска банка) | Паркинг платформа ($90^0$) | 40 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6863/1 Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година Претседател
Штип Јане Миланов, с. р.

605.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ
ДОЗВОЛА ЗА УПОТРЕБА НА ИМЕТО „РАСПЕАНИ ШТИПЈАНИ“

I

Се објавува Одлуката за давање дозвола за употреба на името „Распеани Штипјани“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6864/2 | Општина Штип
4 декември 2018 година | Градоначалник
Ш т и п | Благој Бочварски, с. р.

606.

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ број 52/10, 135/11 и 55/16) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА УПОТРЕБА НА ИМЕТО
„РАСПЕАНИ ШТИПЈАНИ“

Член 1

Се дава дозвола на Здружението на граѓани Распеани Штипјани да го употребува името „Распеани Штипјани” во називот на здружението.

Називот на здружението е Здружение на граѓани „Распеани Штипјани”-Штип.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6864/1 Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година Претседател
Штип Јане Миланов, с. р.

607.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2018 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2018 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6865/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Штип Благој Бочварски, с. р.

608.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 34 став 4 и 5 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2018 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Поставка и опис на потставката | буџет | самоф. | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | +1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | | | -60.000 | | |
| 421240 Течни горива | | | -1.060.000 | | |
| 471160 Еднократна парична помош и помош во натура | | | 60.000 | | |
| 480140 Купување на информатичка и видео опрема | | | 200.000 | | |
| 480190 Купување на друга опрема | | | 200.000 | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | | | 660.000 | | |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2018 година.

Број 08-6865/1 — Совет на Општина Штип

29 ноември 2018 година — Претседател

Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

609.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА
ОПШТИНА ШТИП ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ
ЗА 2018 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2018 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6866/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

610.

Врз основа на член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седница одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП
ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2018 ГОДИНА

I

Во Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2018 година („Служен гласник на Општина Штип“ број 01/18) во делот „Финансирање“, глава I - „Распоредување на буџетските средства“ табелата број 2 се менува и гласи:

**„Табела број: 2“**

| Р. бр. | Активности | Распоредени средства |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на спортски екипи и спортски сојузи | **12.700.000 денари** |
| 2. | Поддршка на Сојуз на училишен спорт по програма | **400.000 денари** |
| 3. | Награди | **100.000 денари** |
| 4. | Дополнително утврдени спортски активности, манифестации, проекти, приредби и спортски турнири | **500.000 денари** |
| 5. | Електрична енергија за Општинските фудбалски стадиони | **1.300.000 денари** |
| | **ВКУПНО**: | **15.000.000 денари** |

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6866/1
29 ноември 2018 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

611.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД ОБЛАСТА
НА СПОРТОТ

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства од областа на спортот.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6867/2
4 декември 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

612.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на:

- ФК „Кежовица“-Штип за котизација за натпреварувачката полусезона 2017/2018 во Трета лига Исток, во висина до 89.000,00 денари.
- КМФ „Астибо“-Штип за котизација за натпреварувачката 2018/2019 година во Прва футсал лига, во висина до 40.000,00 денари.
- Карате клуб „Македонка“ АД-Штип за учество на Балканско првенство во висина до 23.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2018 година.

Член 3

Се задолжуваат субјектите од член 1 на оваа Одлука до Советот на Општина Штип да достават извештај за одобрените средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6867/1 Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

613.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на ФК „Брегалница 2008“АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6868/2 — Општина Штип
4 декември 2018 година — Градоначалник
Ш т и п — Благој Бочварски, с. р.

614.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## НА ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип - дополнување на финансиските средства за тековната 2018 година во висина до 1.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2018 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 на оваа Одлука до Советот на Општина Штип да достави извештај за одобрените средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6868/1 — Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

615.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2019 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Штип за 2019 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6869/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

616.

Врз основа на член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2019 ГОДИНА

I. **Извештаен дел**

1. Годишен извештај на Буџетот на Општина Штип за 2018 година.

Носител: Градоначалник
Рок: март

2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Штип за 2019 година.

Носител: Градоначалник
Рок: април, август, ноември, февруари

3. Извештај за работењето на ЈП „Исар“- Штип во 2018 година по:

- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации;
- Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад
- Програма за одржување на градскиот стадион на ФК Брегалница и спортски игралишта;
- Програма за работа на РЕ„градски пазари“;
- Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица“;
- Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
- Програма за одржување на градските гробишта;
- Програма за одржување на речните корита;
- Програма за уредување на градежно земјиште.
- Програма за работа на ЗОО Парк – Бриони

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: февруари

4. Извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип по Програма за одржување на јавната чистота во 2018 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: февруари

5. Квартален извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип (со финансиски показатели) по:
   - Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации;
   - Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад;
   - Програма за одржување на градскиот стадион на ФК Брегалница и спортски игралишта;
   - Програма за работа на РЕ „Градски пазари“;
   - Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица“;
   - Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
   - Програма за одржување на градските гробишта;
   - Програма за одржување на речните корита;
   - Програма за уредување на градежно земјиште;
   - Програма за работа на ЗОО Парк – Бриони .

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: април, август, ноември, февруари

6. Извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип во 2018 година по:
   - Програма за уредување на градежно земјиште;
   - Програма за одржување на локални патишта и улици во зимски услови
   - Програма за користење на јавниот простор за паркирање

Носител: ЈП „Стипион 2011 “-Штип
Рок: февруари

7. Извештај за реализација на Програмата за одржување на локални патишта и улици во 2018 година.

Носител: ЈП „Стипион 2011“-Штип
Рок: февруари

8. Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови за 2018 година.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина
Рок: јануари

9. Квартален извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели по:

- Програма за уредување на градежно земјиште;
- Програма за одржување на локални патишта и улици;
- Програма за одржување на локални патишта и улици во зимски услови.
- Програма за користење на јавниот простор за паркирање

Носител: ЈП „Стипион 2011“-Штип
Рок: април, август, ноември, февруари

10. Годишен извештај за работата на Друштво за спортски дејности АД „Брегалница 2008“ Штип во 2018 година.

Носител: АД „Брегалница 2008“-Штип
Рок: февруари

11. Полугодишен извештај за работа на Друштво за спортски дејности АД „Брегалница 2008“-Штип.

Носител: АД „Брегалница 2008“-Штип
Рок: февруари и август

12. Полугодишен извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Штип.

Носител: Сектор за внатрешни работи Полициска станица-Штип
Рок: јули, јануари

13. Годишен извештај за работа на ООУ „Димитар Влахов“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: ООУ „Димитар Влахов“-Штип
Рок: септември

14. Годишен извештај за работа на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: ООУ „Тошо Арсов“-Штип
Рок: септември

15. Годишен извештај за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: ООУ „Ванчо Прке“-Штип
Рок: септември

16. Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: ООУ „Гоце Делчев“-Штип
Рок: септември

17. Годишен извештај за работа на ООУ „Славејко Арсов“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: ООУ „Славејко Арсов“-Штип
Рок: септември

18. Годишен извештај за работа на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ -Штип
Рок: октомври

19. Годишен извештај за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип
Рок: октомври

20. Годишен извештај за работа на СОУ „Коле Нехтенин"-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: СОУ „Коле Нехтенин"-Штип
Рок: октомври

21. Годишен извештај за работата на СОУ „Јане Сандански"-Штип за учебната 2018/2019 година.

Носител: СОУ „Јане Сандански"-Штип
Рок: октомври

22. Годишен извештај за работа на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо"-Штип за 2018/2019 година.

Носител: ОЈУДГ „Астибо"-Штип
Рок: октомври

23. Годишен извештај за работа на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Цирвири-Трена"-Штип за 2018/2019 година.

Носител: ЈУДОДГ „Вера Цирвири-Трена"
Рок: октомври

24. Извештај за работењето на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2018 година.

Носител: Општинска установа за култура Дом на млади
Рок: февруари

25. Извештај за реализацијата на програмата за уредување на градежно земјиште за 2018 година.

Носител: Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи
Рок: јануари

26. Извештај за реализација на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2018 година.

Носител: Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи
Рок: јануари

27. Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип.

Носител: Градоначалник
Рок: април, јули, октомври, јануари

28. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2018 година.

Носител: Градоначалник
Рок: јануари

29. Извештај за реализација на Програмата за култура за 2018 година.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: февруари

30. Извештај за реализација на Програмата за спорт за 2018 година.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: февруари

31. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Штип од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2018 година.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: февруари

32. Извештај за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2018 година.

Носител: Одделение за комунални дејности
Рок: февруари

33. Годишен извештај за работењето на комуналната инспекција.

Носител: Комунален инспектор
Рок: март

34. Годишен извештај за работењето на овластениот инспектор за патен сообраќај.

Носител: Овластен инспектор за патен сообраќај
Рок: март

35. Годишен извештај за работењето на овластениот инспектор за животна средина.

Носител: Овластен инспектор за животна средина.
Рок: февруари

36. Извештај за реализација на Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2018 година.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина
Рок: јануари

37. Извештај за реализација на програмата за локален економски развој за 2018 година.

Носител: Одделение за локален економски развој
Рок: јануари

38. Годишен извештај за начинот на користењето на спортските сали при основните и средните училишта во Општина Штип.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: јануари

39. Годишен извештај за наменската употреба на средствата собрани од користењето на спортските сали од основните и средните општински училишта.

Носител: Основни и средни општински училишта
Рок: јануари

40. Извештај на Комисија за утврдување на висина на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Носител: Комисија за утврдување на висина на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи
Рок: по потреба

41. Годишен извештај за работата на единицата за локална самоуправа за напредокот на состојбата со еднакви можности на жените и мажите.

Носител: Координатор за еднакви можности
Комисија за еднакви можности
Рок: март/април

42. Извештај за реализација на програмата на Совет на млади на Општина Штип за 2018 година.

Носител: Совет на млади на Општина Штип
Рок: јануари

II. **Програмски дел**

1. Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Одделение за правно нормативни работи, јавни набавки и подршка на советот
Рок: ноември

2. План на програми за развој на Општина Штип за период 2020 до 2022 година.

Носител: Градоначалник
Рок: ноември

3. Програма за уредување на градежно земјиште за 2020 година.

Носител: Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи
Рок: октомври

4. Програма за одржување на локални патишта и улици за 2020 година.

Носител: ЈП „Стипион 2011"-Штип
Рок: октомври

5. Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Штип за 2020/2021 година во зимски услови.

Носител: ЈП „Стипион 2011 "-Штип
Рок: октомври

6. Програма за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на Општина Штип за 2020 година.

Носител: ЈП „Стипион 2011 “-Штип
Рок: октомври

7. Програма за јавно осветлување за 2020 година.

Носител: Одделение за комунални дејности
Рок: септември

8. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

9. Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

10. Програма за одржување на градскиот стадион на ФК „Брегалница“ и спортски игралишта за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

11. Програма за работа на РЕ„Градски пазари“ за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

12. Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица“ за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

13. Програма за одржување на јавната чистота за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

14. Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

15. Програма за одржување на градските гробишта за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

16. Програма за одржување на речните корита за 2020 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

17. Програма за работа на ЗОО Парк – Бриони за 2020 година

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

18. Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина
Рок: октомври

19. Програма за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи
Рок: октомври

20. Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Одделение за комунални дејности
Рок: октомври

21. Програма за работа на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2020 година.

Носител: Општинска установа за култура Дом на млади-Штип
Рок: ноември

22. Годишна програма за работа на ООУ „Димитар Влахов“-Штип за учебната 2019/2020 година.

Носител: ООУ „Димитар Влахов“-Штип
Рок: септември

23. Годишна програма за работа на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за учебната 2019/2020 година.

Носител: ООУ „Тошо Арсов“-Штип
Рок: септември

24. Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Штип за учебната 2019/2020година.

Носител: ООУ „Ванчо Прке“-Штип
Рок: септември

25. Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев“-Штип за учебната 2019/2020 година.

Носител: ООУ „Гоце Делчев“-Штип
Рок: септември

26. Годишна програма за работа на ООУ „Славејко Арсов “-Штип за учебната 2019/2020 година.

Носител: ООУ „Славејко Арсов“-Штип
Рок: септември

27. Годишна програма за работа на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип за учебната 2019/2020година.

Носител: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип
Рок: октомври

28. Годишна програма за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип за учебната 2019/2020 година.

Носител: СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип
Рок: октомври

29. Годишна програма за работа на СОУ „Коле Нехтенин"-Штип за учебната 2019/2020година.

Носител: СОУ „Коле Нехтенин"-Штип
Рок: октомври

30. Годишна програма за работата на СОУ „Јане Сандански"-Штип за учебната 2019/2020година.

Носител: СОУ „Јане Сандански"-Штип
Рок: октомври

31. Годишна програма за работа на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо"-Штип за 2019/2020 година.

Носител: ОЈУДГ „Астибо"-Штип
Рок: октомври

32. Годишна програма за работа на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена"-Штип за 2019/2020 година.

Носител: ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена"
Рок: октомври

33. Годишна програма за работа на Совет на млади на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Совет на млади
Рок: септември

34. Програма за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2020 година.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: септември

35. Програма за култура за 2020 година.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: септември

36. Програма за локален економски развој за 2020 година.

Носител: Одделение за локален економски развој
Рок: ноември

37. Програма за социјалната, детската и здравствената заштита за 2020 година.

Носител: Одделение за јавни служби
Рок: септември

38. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина
Рок: ноември

39. Програма за заштита на животната средина во Општина Штип за 2020 година.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина
Рок: ноември

40. Програма за работа на Друштво за спортски дејности АД „Брегалница 2008“-Штип за 2020 година.

Носител: Друштво за спортски дејности АД „Брегалница 2008“-Штип
Рок: октомври

**III. Тематски дел**

1. Информација за состојбата во териоријалната противпожарна единица.

Носител: ТППЕ-Штип
Рок: јануари

2. Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот на Општина Штип.

Носител: Градоначалник
Рок: јануари, јули

3. Информација за состојбата со бесправната градба во Општина Штип.

Носител: Градежен инспектор
Рок: март

4. Информација за работењето на Локалниот совет за превенција.

Носител: Локален совет за превенција
Рок: јануари, јули

IV. **Нормативен дел**

1. Годишна сметка за Буџетот на Општина Штип за 2018 година.

Носител: Градоначалник
Рок: март

2. Годишна сметка на ЈП „Исар"-Штип за 2018 година.

Носител: ЈП „Исар"-Штип
Рок: март

3. Годишна сметка на ЈП „Стипион 2011 "- Штип за 2018 година.

Носител: ЈП „Стипион 2011 "-Штип
Рок: март

4. Годишна сметка на ООУ „Димитар Влахов"-Штип за 2018 година.

Носител: ООУ „Димитар Влахов"-Штип
Рок: март

5. Годишна сметка на ООУ „Тошо Арсов"-Штип за 2018 година.

Носител: ООУ „Тошо Арсов"-Штип
Рок: март

6. Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Штип за 2018 година.

Носител: ООУ „Ванчо Прке"-Штип
Рок: март

7. Годишна сметка на ООУ „Гоце Делчев"-Штип за 2018 година.

Носител: ООУ „Гоце Делчев"-Штип
Рок: март

8. Годишна сметка на ООУ „Славејко Арсов "-Штип за 2018 година.

Носител: ООУ „Гоце Делчев“-Штип
Рок: март

9. Годишна сметка на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип за 2018 година.

Носител: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип
Рок: март

10. Годишна сметка на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип за 2018 година.

Носител: СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип
Рок: март

11. Годишна сметка на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за 2018 година.

Носител: СОУ „Коле Нехтенин“-Штип
Рок: март

12. Годишна сметка на СОУ „Јане Сандански“-Штип за 2018 година.

Носител: СОУ „Јане Сандански“-Штип
Рок: март

13. Годишна сметка на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип за 2018 година.

Носител: ОЈУДГ „Астибо“-Штип
Рок: март

14. Годишна сметка на Јавна установа за деца - Општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена“-Штип за 2018 година.

Носител: ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“
Рок: март

15. Годишна сметка на ОУК„Дом на млади“ Штип за 2018 година.

Носител: ОУК„Дом на млади“ Штип
Рок: март

16. Годишна сметка на Друштво за спортски дејности АД „Брегалница 2008“-Штип за 2018 година.

Носител: АД „Брегалница 2008"-Штип
Рок: март

17. Буџет на Општина Штип за 2020 година.

Носител: Градоначалник
Рок: декември

18. Предлог-одлуки за донесување на деталните урбанистички планови на град Штип.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина
Рок: по потреба

19. Изготвување и измени на нормативните акти на Советот на Општина Штип.

Носител: Општинска администрација
Рок: Континуирано преку цела година

V. **Информативен дел**

1. Информација за инфективните заболувања во Општина Штип.

Носител: Центар за јавно здравје
Рок: февруари

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „СТИПИОН 2011”-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.2018 ДО 30.09.2018 ГОДИНА ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

I

Се усвојува Кварталниот извештај за работењето на ЈП „Стипион 2011”-Штип со финансиски показатели за периодот од 01.07.2018 до 30.09.2018 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6878/1 Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

637.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА
СО КОИ УПРАВУВА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6879/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

638.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ
НА УСЛУГИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА
СО КОИ УПРАВУВА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип со архивски број 0202-414/10 од 19 ноември 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6879/1 | Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година | Претседател
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

639.

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ” број 38/96, исправка 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13 и 41/14), член 11 точка 7 од Статутот на Јавното претпријатие „Стипион 2011”-Штип (Пречистен текст) („Службен гласник на Општина Штип” број 08/13) и член 14 став 1 и 2 од Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање („Службен гласник на Општина Штип“ број 09/18 и 11/18), Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“-Штип на седницата одржана на 19 ноември 2018 година, донесе

Ц Е Н О В Н И К
НА УСЛУГИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА
СО КОИ УПРАВУВА ЈП „СТИПИОН 2011“-ШТИП

Член 1

Со овој Ценовник се утврдуваат цените на услуги за користење на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип (во натамошниот текст: цени на услуги).

Член 2

Цените на услугите од член 1 на овој Ценовник се однесуваат на:

- сите физички и правни лица кои го користат временски ограничениот простор за паркирање со надоместок,
- лица станари, кои имаат станови на улиците каде е предвиден временски ограничен паркинг-простор (со наплата),

- физички лица кои се вработени во правното лице со седиште на адресата каде е предвиден временски ограничен паркинг простор (со наплата) и
- физички лица кои имаат живеалиште на адресата каде е предвиден временски ограничен паркинг простор (со наплата), а користат или управуваат возила на име на правното лице кое не е со седиште на овие улици.

Член 3

За користење на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011"-Штип од страна на сите физички и правни лица се наплатува надоместок и тоа на:

1. Улица Васил Главинов (од мост кај црква Св. Никола – до мост кај Гимназија)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

2. Улица Васил Главинов (од мост кај Гимназија – до Камен мост)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час
- Улица Генерал Михајло Апостолски (од Камен мост до мост кај Стопанска банка)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

- Улица Генерал Михајло Апостолски (од мост кај Стопанска банка – до мост кај Трговски центар-суд)
- за користење до еден час 20,00 денари
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

3. Улица Генерал Михајло Апостолски (од мост кај Трговски центар (суд) – до крстосница Пролет)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

4. Улица Христијан Карпош (од мост кај кулите – до ЈЗУ Здравен дом)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

5. Улица Маршал Тито (од ЈЗУ Здравен дом – до мост кај Трговски центар)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

6. Улица Маршал Тито (од мост кај Трговски центар – до мост кај Стопанска банка)

- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

7. Улица Маршал Тито (од мост кај Стопанска банка - до Камен мост)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час
- Улица Маршал Тито (од Камен мост – до мост кај хотел Оаза)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

8. Улица Маршал Тито (од мост кај хотел Оаза – до црква Св. Никола)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

9. Улица „Ванчо Прке“ (еднонасочна)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

10. Улица „Ванчо Прке“
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

11. Улица „Ванчо Прке“ - од Стопанска банка - до зграда Кубус (од десно гледано во правец кон трговски центар)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

12. Улица „Ванчо Прке“ - зад трговски центар (десно гледано во правец кон трговски центар)
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

13. Улица „Ванчо Прке“ – зад трговски центар – пред зграда Кубус
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за секој нареден час цената на услугата изнесува 15,00 денари/час

14. Улица „Ванчо Прке“
- за користење до еден час 20,00 денари;
- за вториот час 15.00 денари
- паркирањето на оваа улица се ограничува со максимум време на паркирање од 2 часа. По истекот на вториот час, корисникот мора да го напушти паркинг-просторот.

За користење на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип од страна на сите физички и правни лица, цената на услугите за **дневен билет е следна**:

| | | |
|---|---|---|
| • | Дневен надомест за паркирање | 80,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

1. За Лица станари, кои имаат станови на улиците каде е предвиден временски ограничен паркинг-простор (со наплата) цените се изразени во следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| • | месечен надомест за прво возило | 160,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | месечен надомест за второ возило | 320 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | месечен надомест за трето возило | 480,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

| | | |
|---|---|---|
| • | годишен надомест за прво возило | 1.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за второ возило | 2.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за трето возило | 3.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

2. За физички лица кои се вработени во правното лице со седиште на адресата каде е предвиден временски ограничен паркинг простор, како и за возила на правни лица кои имаат седиште на адресата на просторот на кој се врши паркирање, цената е изразена во следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| • | Месечен надомест за возило | 400 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Годишен надомест за возило | 4.000 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

3. За превозници кои вршат достава на стоки на улиците каде се наоѓаат јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип:

| | | |
|---|---|---|
| • | Месечен надомест за возило | 400 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Годишен надомест за возило | 4.000 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

4. За корисниците на **универзална картичка**, што овозможува пристап на сите јавни паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип се утврдува:

| | | |
|---|---|---|
| • | Месечен надомест за возило | 600,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | годишен надомест за возило | 6.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

Член 4

Правните лица кои имаат седиште на улиците каде паркинг просторот е временски ограничен имаат можност за закуп на паркинг места за кои на Општина Штип ќе плаќаат посебен надоместок.

Надоместокот се пресметува како цена на 1м$^2$ неделна закупнина зголемена еднаш, двапати или трипати во зависност од атрактивноста на просторот што се закупува.

Одобрение за закуп на паркинг просторот издава Одделението за комунални дејности, а средствата од закупнината се уплаќаат на сметката на ЈП „Стипион 2011“-Штип и се приход на јавното претпријатие.

8. Цена за закуп на поединечно паркинг место (привилегирано користење на јавен простор за паркирање) е искажана во табелата:

| | | |
|---|---|---|
| • | Неделен надомест по м$^2$ за 12,5м$^2$ | 52 денари за м$^2$ неделно (12,5 м$^2$x 52 ден = 650 денари) или 33.800,00 денари годишно (со вклучен 18% ДДВ) во прва зона |

Член 5

Цени за отстранување на неправилно запрени, паркирани или хаварисани возила со специјално возило-пајак

| | | |
|---|---|---|
| • | Пренос на возило во градот, доаѓање, утовар и истовар | 2.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Доаѓање, почеток на утовар и истовар на возило на лице место | 1.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Подигање на возило од зелена површина | 1.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Преместување на возило на повик на трето лице | 1.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Преместување на непроиписно (напуштено или оштетено возило од сообраќајна незгода по налог од сообраќајна полиција или сопственик на возило | 2.000,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |
| • | Доплата за секој изминат километар над 10 км | 100,00 денари (со вклучен 18% ДДВ) |

Член 6

Ослободени од плаќање на надомест за користење на јавниот простор за паркирање со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип се лица со посебни потреби и инвалиди на труд кои ги исполнуваат условите во согласност со Правилникот за добивање и користење на потврди за паркирање на лица со посебни потреби.

Член 7

При подигање на картичка за јавно паркиралиште корисникот има обврска да уплати еднократен паричен надомест во висина од 150,00 денари со вклучен ДДВ за изработка на картичка.

Член 8

За изгубен билет-бар код картичка, корисникот има обврска да плати надомест од 500,00 денари.

Цената за деблокирање на блокирано возило изнесува 700 денари на ден. По уплатата на износот за деблокада, возилото се деблокира.

Член 9

Месечните и годишните повластени билети од член 3 став 2 точка 1 важат само за паркирање на улицата каде што е живеалиштето односно седиштето на фирмата на лицето и само за возилата регистрирани во Република Македонија.

Член 10

Ценовникот влегува на сила по добиената согласност од страна на Советот на Општина Штип и истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“ по што престанува да важи Ценовникот на услугите на јавните паркиралишта со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/14, 10/14 и 07/15).

Број 0202-414/10
19 ноември 2018 година
Ш т и п

ЈП „Стипион 2011“-Штип
Управен одбор
Претседател
Билјана Тодоров, с. р.

640.

Врз основа на член 11 став 2 точка 7 од Статутот на ЈП „Стипион 2011“-Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 10/12 и 08/13), Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата одржана на 19 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ НА УСЛУГИ
НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ УПРАВУВА
ЈП„СТИПИОН 2011“ШТИП

Член 1

Се утврдува Ценовникот за извршување на услуги на јавните паркиралишта во Општина Штип, со кои управува ЈП „Стипион 2011“-Штип.

Член 2

Ценовникот наведен во член 1 од оваа Одлука е составен дел на истата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на основачот.

Број 0202-414/11
19 ноември 2018 година
Ш т и п

ЈП „Стипион 2011“-Штип
Управен одбор
Претседател
Билјана Тодоров, с. р.

641.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА
КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2018 ДО 30.09.2018 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6880/2
4 декември 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

642.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2018 ДО 30.09.2018 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај за работењето на ЈП „Исар“-Штип за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6880/1 — Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

643.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ
НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП
ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ЗА
ПЕРИОД ОД 01.07.2018 ДО 30.09.2018 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај на ЈП „Исар“-Штип за одржувањето на јавната чистота за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6881/2 — Општина Штип
4 декември 2018 година — Градоначалник
Ш т и п — Благој Бочварски, с. р.

644.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ
НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ
НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОД ОД
01.07.2018 ДО 30.09.2018 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај на ЈП „Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период од 01.07.2018 до 30.09.2018 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6881/1 — Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

645.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ
И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР
НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
-ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6882/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

646.

Врз основа на член 114 став 8, 13, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18) и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП

1. Од членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип како претставници на основачот се разрешуваат:
- **Ванче Маневски**
- **Дарко Черкезов**
- **Маријан Манов**

2. За членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип како претставници на основачот се именуваат:
- **Љупчо Ефремов**
- **Даниела Трајковска**
- **Емилија Арсова**

3. Од член на Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип како претставници на установата **се разрешува**:
- **Елизабета Симоновска**

4. За член на Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип како претставни на установата **се именува**:

- **Елизабета Симоновска**

5. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6882/1
29 ноември 2018 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

647.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ
И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР
НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6883/2
4 декември 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

648.

Врз основа на член 114 став 8, 13, 16, 17, и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 192/15, 27/16,

163/17, 21/18, 198/18) и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА
„ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“-ШТИП

1. Од членови на Управниот одбор на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Цириври Трена“-Штип како претставници на основачот **се разрешуваат**:
- **Мите Стојанов**
- **Анета Цветковиќ**
- **Методи Јорданов**

2. За членови на Управниот одбор на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип како претставници на основачот **се именуваат**:
- **Менка Мишовска**
- **Стојанче Димов**
- **Методи Папаров**

3. Од член на Управниот одбор на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип како претставник од Совет на родители **се разрешува:**
- **Ване Камчев**

4. За член на Управниот одбор на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип како претставник од Совет на родители **се именува:**
- **Славица Деспотова**

5. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6883/1
29 ноември 2018 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

649.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА „ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставници во Управниот одбор на Општинска установа за култура Дом на млади Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6884/2 — Општина Штип
4 декември 2018 година — Градоначалник
Ш т и п — Благој Бочварски, с. р.

650.

Врз основа на член 35 став 2, а во врска со члн 38 од Законот за култура („Службен весник на РМ” број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14,61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) член 16 од Статутот на Дом на млади Штип и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА „ДОМ НА МЛАДИ“-ШТИП

1. Од претставници во Управниот одбор на ОУК „Дом на млади“-Штип се разрешуваат:

- **Стојанче Ѓоргиев**
- **Сеида Кадриева**
- **Љубе Иванов**

2. За претставници во Управниот одбор на ОУК „Дом на млади“-Штип **се именуваат**:
- **Марјан Спиров**
- **Драган Ристовски**
- **Дејан Крнчевски**

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-6884/1 | Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година | Претседател
Ш т и п | Јане Миланов, с. р.

651.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА
ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА ОПРАВДАНОСТ
ОД ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ
ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРТВО ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА
И ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Физибилити студијата за оправданост од доделување на Договор за воспоствување јавно приватно парнерство за модернизација и одржување на системот за јавно осветлување во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6885/2 | Општина Штип
4 декември 2018 година | Градоначалник
Ш т и п | Благој Бочварски, с. р.

652.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), во врска со член 16 став 2 алинеја 3 од Законот за концесии и јавното приватно партнерство („Службен весник на РМ“ број 06/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15) и врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈАТА ЗА
ОПРАВДАНОСТ ОД ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА
ВОСПОСТАВУВАЊЕ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРТВО
ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се усвојува Физибилити студијата за оправданост од доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација и одржување на системот за јавно осветлување во Општина Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6885/1 — Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година — Претседател
Ш т и п — Јане Миланов, с. р.

653.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА
ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА
ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО
ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ
ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација и одржување на системот за јавно осветлување на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6886/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

654.

Врз основа на член 36 став 1 точка 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), а во врска со член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ“ број 06/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА
ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО
ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука Општина Штип започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација на системот за јавно осветлување на подрачјето на Општина Штип (во натамошен текст: договор за воспоставување на јавно приватно партнерство).

Оправданоста од доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е утврдена согласно физибилити студијата архивски број 09-2957/2 од 14 јуни 2018 година, изготвена од БКК ДООЕЛ – Скопје, според која градот Штип со спроведување на јавно приватно партнерство значително ќе го подобри квантитетот и квалитетот на јавното осветлување, одржување и модернизација на истото. Притоа во висок степен ќе се зголеми економичноста на трошоците за одржување и потрошок на електрична енергија.

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се реализира според моделот (DBFO) според кој одржувањето, изградбата, финансирањето и работењето на јавната инфраструктура е во надлежност на приватниот партнер, а по истекот на концесискиот период станува сопственост на општината.

Член 2

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се воспостави како концесија за јавна работа.

Член 3

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

- Оптимизација на системот на јавното осветлување
- Подобрување во ефикасноста во давањето на услуги кон граѓаните
- Намалување на трошоците
- Подобрување на естетскиот изглед на градот
- Зголемување на атрактивноста на градот
- Подобрување на условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови
- Осовременување и модернизација на општината

Нивното исполнување би довело до следниве бенефити за градот Штип:

- Комплетно обновување на јавното осветлување на територијата на градот и околината
- Употреба на штедливи LED светлечки извори
- Поквалитетно осветлување на спомениците и парковите

Член 4

Предмет на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство претставува:

Модернизација на постојниот систем за јавно осветлување на подрачјето на Општина Штип преку замена на постојните сијалични места со нови ЛЕД штедливи светилки, соодветна опрема и континуирано функционално одржување на системот на јавно осветлување.

Член 5

Проценета вредност на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство по елементи изнесува:

| **СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ТРОШОЦИ** | **ВКУПНА ЦЕНА(€)** |
|---|---|
| Набавка и замена на LED изворите | **2.163.350** |
| Материјал трошоци | **63.046** |
| Споредни трошоци | **6.755** |
| Човечки ресурси | **47.285** |
| Подготовка на проектот | **16.212** |
| **Вкупно:** | **2.296.648** |

Член 6

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се додели за период од **15 години** при што рокот почнува да тече од датумот на склучување на договорот.

По истекот на договорот приватниот партнер е должен системот да го предаде на јавниот партнер Општина Штип во исправна и функционална состојба прилагоден на начинот на функционирање одржување и сервисирање

Член 7

Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се доделува по пат на отворена постапка, со објавување на оглас, а согласно одредбите од Закон за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за јавни набавки.

Член 8

Постапката за доделување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапката.

Комисијата ќе ја подготви тендерската документација во рок од 10 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе биде спроведена во рок од 90 дена од денот на објавување на огласот.

Градоначалникот на Општина Штип во рок од 3 дена од влегувањето во сила на оваа Одлука ќе ја формира Комисијата за спроведување на постапката.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6886/1 Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

655.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ПО БАРАЊЕТО ОД СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“-ШТИП ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА

ХОРИЗОНТАЛНАТА И ВЕРТИКАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА
НА УЛИЦАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информациајта по барањето од СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за дополнување на хоризонталната и вертикалната сигнализација на улицата „Гоце Делчев“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6887/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

656.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ПО
БАРАЊЕТО ОД СОУ „КОЛЕ НЕХТЕНИН“-ШТИП
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА И
ВЕРТИКАЛНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦАТА
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП

I

Се усвојува Информацијата по барањето од СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за дополнување на хоризонталната и вертикалната сигнализација на улицата „Гоце Делчев“-Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6887/1 Совет на Општина Штип
29 ноември 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

657.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО БЕСПЛАТНИОТ ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНИТЕ ПРОБИШТИП, СВЕТИ НИКОЛЕ, ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО И КАРБИНЦИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Известувањето за проблемите со бесплатниот превоз на учениците од општините Пробиштип, Свети Николе, Чешиново-Облешево и Карбинци.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6888/2 Општина Штип
4 декември 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

658.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 29 ноември 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПРОБЛЕМИТЕ СО БЕСПЛАТНИОТ ПРЕВОЗ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНИТЕ ПРОБИШТИП, СВЕТИ НИКОЛЕ, ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО И КАРБИНЦИ

I

Се усвојува Известувањето за проблемите со бесплатниот превоз на учениците од општините Пробиштип, Свети Николе, Чешиново-Облешево и Карбинци во врска со непочитување на возниот ред, немање на доволно места

за седење (претовар на автобусите) и некоректниот однос на возачот кон учениците.

II

Советот на Општина Штип укажува дека превозниците се должни да се придржуваат на условите и обврските предвидени со рамковната спогодба склучена меѓу општината, превозниците и училиштата, како и посебниот договор склучен од училиштето со секој превозник за наведените линии.

III

Овој Заклучок да се достави до сите превозници на наведените линии.

IV

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-6888/1
29 ноември 2018 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Јане Миланов, с. р.

659.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 52/05), член 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09,04/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип на 27 ноември 2018 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се утврдува основната плата, додаток на плата и надоместоци на плата на вработените кои вршат администратвно-технички работи и помошни работи во Општина Штип.

Член 2

Работникот кој склучил договор за вработување има право на заработувачка-плата, согласно закон, правилникот за плати, колективениот договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување е во парична форма.

Член 3

Основната плата се определува согласно условите на работното место за кое работникот склучил договор за вработување.

Основната плата е изразена во бодови.

Висината на бодот ја утврдува градоначалникот врз основа на утврдениот буџет на општината (ставка плати и надоместоци на плати) за секоја тековна година.

Член 4

Бројот на бодовите за секое работно место се утврдува според сложеноста на работата, која зависи од степенот на образованието потребен како услов за засновање на работен однос, а утврден во актот за организација и систематизација на работното место на Општина Штип, и тоа:

**Група II - Работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето**

**Подгрупа 10**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Командир на ТППЕ | 540 | бода |
| 2. | Командир на одделение | 310 | бода |
| 3. | Пожарникар спасител – водач на група | 305 | бода |
| 4. | Пожарникар спасител | 285 | бода |

**Група IV - Работни места на помошно-технички лица**

**Подгрупа 1 -** помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Одржувач на хигиена | 226,16 | бода |
| 2. | Одржувач на хигиена во ТППЕ | 251 | бода |
| 3. | Одржувач на зграда и инсталации | 300 | бода |
| 4. | Одржувач на систем за греење | 300 | бода |

**Подгрупа 3 -** помошно-технички лица за превоз на лица и на опрема

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Возач на автобус | 310 | бода |
| 2. | Одговорен за возен парк | 238 | бода |

**Подгрупа 4 -** помошно-технички лица во кујна или во хотелско-угостителски објект

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Послужувач на пијалоци и одржување хигиена во кабинетот на градоначалникот и претседателот на советот | 245 | бода |

**Подгрупа 5** - други помошно-технички лица

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Курир | 226,16 | бода |
| 2. | Копирање, сортирање и пакување на материјали за седници | 285 | бода |
| 3. | Внатрешен дистрибутер на разни писмена | 285 | бода |
| 4. | Помошни технички работи | 286 | бода |
| 5. | Домакин | 310 | бода |
| 6. | Евиденција на доставување на писмена и други материјали | 285 | бода |

Член 5

Вредноста на бодот на вработените од II група изнесува 72,40 денари.

Вредноста на бодот на вработените од IV група изнесува 76,80 денари.

Член 6

Поради видот и природата на работите што ги извршуваат на износот на основната плата на професионалните пожарникари се утврдува и пресметува додаток на плата за посебни услови при работа, согласно член 13 од Законот за пожарникарството во висина од 20% од платата на другите вработени во соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

Член 7

На работникот му се зголемува основната плата 0,5% (додаток) за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 8

Работникот кој е распореден на работи во смени односно турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата и додаток за плата по час.

Член 9

Работникот кој ќе биде ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови колку бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток на плата во висина од 5% од основната плата, во зависност од часовите поминати на работа во неделен одмор.

Член 10

Работникот за работа за време на државен празник поминато на работа има право на додаток на плата во висина на 50% од износот на основната плата.

Член 11

Работникот кој работи подолго од работното време има право на додаток во висина на 35% по час од износот на основната плата.

Работникот од став 1 на овој член доколку работи подолго од полното работно време, има право времето поминато на работа подолго од полното работно време да го замени со слободни часови.

Член 12

Работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата за:

- службено патување;
- користење на приватен автомобил за службени патувања;
- одвоен живот од семејството;
- теренски додаток;
- смрт на работникот или член на неговото семејство;
- отпреминина при одење во пензија; и
- јубилејни награди.

Висината на надоместоците од став 1 на овој член за секоја година се утврдуваат со Одлуката за извршувањето на Буџетот на Општина Штип.

Член 13

На работниците учесници во штрајк, за време на учество во штрајкот, работодавачот е должен да им уплатува придонеси од плата утврдени со посебните прописи на најниската основица за плаќање на придонесите.

Член 14

Работникот кој со посебни ангажирања и квалитет во извршување на работите позначително ќе придонесе во органот, може да му се додели парична награда во висина од една негова просечна плата.

Член 15

На секој работник вработен во општинската администрација на Општина Штип висината на платата работодавачот ќе ја утврди со посебно решение за плата.

Член 16

Со влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-4368/1 од 18.08.2010 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-4368/2 од 02.02.2011 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-4368/3 од 09.12.2011 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати

на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-2682/1 од 12.04.2012 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-5393/1 од 31.07.2012 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 04-6772/1 од 01.10.2012 година, Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 08-34/1 од 03.01.013 година и Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип број 09-4216/1 од 20.07.2018 година.

Член 17

Овој Правилник ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип", а ќе се применува за исплата на плата за месец ноември 2018 година.

Број 09-6817/1 Општина Штип
27 ноември 2018 година Градоначалник

Ш т и п Благој Бочварски, с. р.